РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISE SE VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE
Број: / Numer: 02-2008/4
10.05.2024 година / viti
СКОПЈЕ - SHKUP

# ЗАПИСНИК
## од прво продолжение на 18-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги одржано на 02.05.2024 година

**Присутни членови на Советот на Агенцијата:** Лазо Петрушевски претседател на Советот на АААМУ, Селвер Ајдини заменик на претседател на Советот на АААМУ, м-р Алма Машовиќ, д-р Методија Јанчески, Лазар Трајчев, Зоран Фиданоски.

**Отсутни членови на Советот на Агенцијата: /**

**На седницата беше присутен д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.**

**Присутни од Стручната служба:** м-р Емилија Јаневска, м-р Емилија Петреска Камењарова, м-р Ивона Муфишева, д-р Ивана Стојановска, м-р Ружица Бошнакоска Јотевска.

**Други присутни: /**

Г-дин Петрушевски го отвори првото продолжение на 18-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Седницата започна во 13:00 часот и се одржа во просториите на Агенцијата, конференциска сала, втори кат.

Г-дин Петрушевски најави дека на седницата ќе се разгледува точката која беше одложена а се однесуваше на Кварталните извештаи за работата на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за периодот од 1 јануари до 31 март 2024 година. Објасни дека Извештаите се од информативен карактер и по нив Советот не гласа. Во врска со нивната содржина, рече дека навистина е забележлива обемната работата на Агенцијата и меѓународната соработка што е за пофалба. Се изјасни дека за него Извештајот е позитивен и е одраз на реалната работа на Агенцијата.

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**Претседател на Советот**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**